**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Васко Блажевски**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански Суд Скопје**
**Основен Кривичен Суд Скопје**
**бул.Митрополит Теодосиј Гологанов**
**бр.37/3-18 (приземје)**
**тел.02/3214-280, vasko@izvrsitelblazevski.mk**

**И.бр.1179/24**

Извршителот Васко Блажевски од Скопје врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот/заложен доверител Халк Банка АД Скопје од Скопје со ЕДБ 4030993162028 и седиште на ул. Св.Кирил и Методиј бр.54, засновано на извршната исправа Нотарски акт/Договор за залог (хипотека) врз недвижен имот ОДУ бр.745/20 од 04.12.2020 година на Нотар Фатмир Ајрули од Скопје, против должникот/корисник на кредит Александар Цветковски од Скопје со живеалиште на бул.АСНОМ бр.78/2-16, и должникот/заложен должник Летка Цветковска од Скопје со живеалиште на ул.Димитрие Чуповски бр.90, за спроведување на извршување во вредност од 1.436.602,00 ден., на ден 11.03.2026 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА прва продажба со усно јавно наддавање на недвижноста со следните ознаки:

ЛИСТ Б
-КП 3747, дел 2, викано место/улица ПИНТИЈА, катастарска култура гз/гнз, површина 2189 м2, сопственост на должникот/заложен должник Летка Цветковска од Скопје, запишана на имотен лист број 2187 КО Горно Лисиче-Вонград при АКН на РСМ-Центар за катастар на недвижности Скопје.

**Продажбата ќе се одржи на ден 31.03.2026 година (вторник) во 12:00 часот во просториите на извршител Васко Блажевски, бул.Митрополит Теодосиј Гологанов бр.37/3-18 (приземје), Скопје.**

Почетната вредност на недвижноста наведена во овој заклучок, е утврдена со Заклучок за утврдување на вредност на недвижност (врз основа на член 177 од Законот за извршување), И.бр.1179/24 од 19.02.2026 година на извршител Васко Блажевски.

Недвижноста наведена во овој заклучок се продава со почетна цена за првото усно јавно наддавање во износ од **81.267,00 евра** во денарска противвредност сметано по среден курс на НБРСМ на денот на продажбата, под која вредност недвижноста не може да се продаде на првото усно јавно наддавање.

Данокот на промет и други давачки во врска со преносот на правото на сопственост, паѓаат на товар на купувачот.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: Нотарски акт/Договор за залог (хипотека) врз недвижен имот ОДУ бр.745/20 од 04.12.2020 година на Нотар Фатмир Ајрули од Скопје, Нотарски акт/Договор за залог (хипотека) врз недвижен имот ОДУ бр.205/22 од 07.04.2022 година на Нотар Фатмир Ајрули од Скопје, Налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од ЗИ), И.бр.13750/23 од 31.10.2023 година на извршител Андреја Буневски, и Налог за извршување кај пристапување кон извршување (врз основа на член 169 од ЗИ), И.бр.1179/24 од 28.05.2024 година на извршител Васко Блажевски.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста, односно износ од **8.126,70 евра** во денарска противвредност сметано по среден курс на НБРСМ.

НАПОМЕНА: Уплатата на име гаранција за учество во јавното наддавање да се изврши најдоцна еден ден пред продажбата, односно заклучно со ден 30.03.2026 година (понеделник).

**Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр.200003124543331 која се води кај Стопанска Банка АД Скопје и даночен број МК5080017506635.**

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање: во дневниот весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората на извршители.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

**И З В Р Ш И Т Е Л**
Васко Блажевски